Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за промет на експлозивни материи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 мај 2007 година.

Бр. 07-2278/1
18 мај 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОМЕТ НА ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ**

Член 1

Во Законот за промет на експлозивни материи (“Службен лист на СФРЈ” број 30/85, 6/89 и 53/91 и “Службен весник на Република Македонија” број 12/93), насловот на Главата IV. “КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ” се менува и гласи: “ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ”.

Член 2

Во членот 34 став 1 воведната реченица се менува и гласи: “Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице:”.

Ставот 2 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот 1 на овој член.”

Ставот 3 се брише.

Член 3

Во членот 35 став 1 воведната реченица се менува и гласи: “Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице:”.

Ставот 2 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот 1 на овој член.”

Член 4

Во членот 36 став1 воведната реченица се менува и гласи: “Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице:”.

Ставот 2 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот 1 на овој член.”

Член 5

Во членот 37 воведната реченица се менува и гласи: “Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице:”.

Член 6

Членот 38 се менува и гласи:

“Кога на одговорното лице во правното лице за прекршокот од членот 34 на овој закон ќе му биде изречена глоба во износ поголем од 1.600 евра во денарска противвредност, судот ќе му изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност со промет на експлозивни материи во времетраење од една до три години.”

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.